**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"ВО СКОПЈЕ**
**Факултет за дизајн и технологии на мебел и ентериер – Скопје**
**ул. „16-та Македонска Бригада"бр. 3, п. фах 223, 1000 Скопје**
**Тел. (02)6154660; Факс (02)6154590**

Бр. 0202-115/2- III-2
11.3.2021 год.
Скопје

Врз основа на член 66 од Статутот на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер-Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник бр. 446/2019), Наставно-научниот совет на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер-Скопје, на седницата одржана на ден 11.3.2021 год., донесе

**О Д Л У К А**
**за утврдување на рокови за завршување на студии од прв циклус студии според студиските програми 2009-2012 год.**

**Член 1**

Студентите прв пат запишани во учебните 2009/2010 год.; 2010/2011 год; 2011/2012 год; и 2012/2013 год. на студиските програми Механичка технологија на дрвото и Проектирање и технологија на мебел и ентериер на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер-Скопје (Шумарски факултет во Скопје), должни се да ги завршат студиите заклучно со 30.9.2022 год., во согласност со условите што важеле при запишувањето на студиите, за кој период важат сите финансиски обврски согласно актите на Факултетот.

**Член 2**

Студентите кои нема да ги завршат студиите во рокот утврден во точката 1 на оваа одлука, можат да продолжат да студираат според студиските програми што се во важност на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер-Скопје, во согласност со условите и правилата за студирање кои важат за истата.

**Член 3**

Признавањето на предметите ќе се врши во согласност со одлуката за еквиваленција од Наставно-научниот совет на Факултетот, што ќе го спроведува Комисија за еквиваленција, при што студентите ќе потпишат барање и изјава дека ги прифаќаат условите на студирање по таа студиска програма.

**Член 4**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

Декан

Проф. д-р Зоран Трпоски

Да се достави до:
- Одделението за студентски прашања;
- Архива/правна служба.